РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1164/3
01-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3012/1 од 14.11.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи во врска со издадено Одобрение за градење УП1.бр. ------ од --.--.2025 година на инвеститорот ДИТУ „-------“ ДООЕЛ, како и наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, имајќи предвид дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3012/1 од 14.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава од познат подносител, со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за издавање на Одобрение за градење УП1.бр.------ од --.--.2025 година од страна на Општина ----- на инвеститорот ДИТУ „-------“ ДООЕЛ Скопје, за објект на КП ----, КО Карпош.

Во пријавата се наведува дека инвеститорот започнал со активности на уривање на постоечки објект без претходно соодветно одобрение за отстранување, поради што подносителот поднел барање до Општина ------ за стопирање на уривањето на станбениот објект.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата е наведено и дека предметното Одобрение за градење е издадено спротивно на член 8-а од Изборниот законик, односно дека истото било донесено и потпишано за време на изборен процес, поточно во периодот на одржување на вториот круг на локалните избори во 2025 година, со што, според наводите, е сторена повреда на законските ограничувања во изборниот период.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ----- – Сектор инспекторат, со цел вршење на увид во постапката за издавање на одобрението за градење и поврзаните инспекциски постапки.

Во законски утврдениот рок, од страна на Општина ----- е доставено известување со приложен записник за извршен вонреден инспекциски надзор, од кој произлегува дека е извршен увид во целокупната градежно-техничка документација, како и увид на лице место, при што е констатирано дека постапката за издавање на Одобрението за градење е спроведена согласно важечките законски прописи и дека истото е издадено врз основа на уредна и комплетна документација, како и дека е правосилно.

Од доставеното известување дополнително произлегува дека во текот на инспекцискиот надзор било утврдено дека инвеститорот започнал со активности за отстранување на постоечкиот објект, при што, поради утврдени недостатоци во елаборатот за отстранување, од страна на општинскиот градежен инспектор било наложено привремено запирање на активностите и усогласување на документацијата со фактичката состојба на терен.

По постапување по дадените насоки и доставување на коригиран елаборат за отстранување на постоечки објект, инспекцискиот орган утврдил дека се исполнети условите за продолжување на активностите, согласно член 64 став 1 од Законот за градење, по што инвеститорот продолжил со градежните активности во рамки на законските прописи.

Од извршениот инспекциски надзор, како и од увидот во доставената документација, согласно приложениот Записник, констатирано е дека нема неправилности во постапката за издавање на Одобрението за градење, ниту во постапувањето на инвеститорот, поради што инспекциската постапка е затворена без изрекување на мерки.

Во однос на наводите за повреда на член 8-а од Изборниот законик, ДКСК оцени дека истите не се основани, имајќи предвид дека издавањето на одобрение за градење претставува управна постапка која се води врз основа на законски утврдени услови и приложена документација, и не претставува активност која е забранета во изборниот период во смисла на наведениот член од Изборниот законик, ниту пак од прибавените податоци произлегуваат елементи кои би укажувале на злоупотреба на службена положба или влијание врз изборниот процес.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај постапил друг надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата